| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Жива и нежива природа |
| **Содржина на денот** | Штркот и жабата |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема –Зошто треба секојдневно да одржуваме лична хогиена и да се грижиме за нашето зравје. |
| **Активности** | Активноста може да ја започнете со разговор за живиот свет во барата. Потсетете се кои видови на растенија и животни живеат во неа, какви беа условите на живот и синџирот на исхрана. Потоа на децата прочитајте им го текстот „Штркот и жабата“ (види во прилог). Читајте јасно, со правилен изговор и дикција. Потоа разговарајте за содржината на текстот. Побарајте од децата да Ви го прераскажат текстот, притоа водете сметка за правилно соствување на реченици, граматички правилен изговор. Воедно водете сметка настаните да ги прераскажуваат по правилен редослед. Можете заедно да го драматизирате текстот, поделете ги улогите по избор на детето и направете капи за на глава (штрк и жаба) како замена за костуми. Како продолжение на оваа активност детето нека го илустрира текстот кој го читавте. |